## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**4803.**

Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 32 став 3 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015,11/2018, 21/2018, 98/2019 ,153/2019 и 92/2021) а во врска со член 2 параграф 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2014), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.12.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

I

Се утврдува вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на броеви и /или серии на броеви за 2024 година, во износ од 1 евро во денарска противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 01.01.2024 година.

III

Оваа одлука е конечна.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 32 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015,11/2018, 21/2018, 98/2019 , 153/2019 и 92/2021), а во врска со член 2 параграф 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви („Службен весник на Република Македонија" бр.161/2014), вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви се утврдува со одлука донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2024 година, во рок од десет дена од денот на усвојување на годишната програма за работа и е изразена во евра во денарска противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2024 година е усвоена од страна на Комисијата на Агенцијата по предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 07.12.2023 година, како што е предвидено во член 11 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, 98/2019,153/2019 и 92/2021).

Финансискиот план за 2024 година содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за електронски комуникации за 2024 година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за 2024 година.

Според усвоената годишна програма односно финансискиот план за 2024 година вкупните планирани приходи по основ на користење на доделени броеви и /или серии на броеви изнесува 53.000.000 денари.

Вредноста на бодот е формирана врз основа на активните одобренија за користење на броеви и /или серии на броеви кои се планирани да се фактурираат во 2024 година, со што се планира да се реализираат планираните приходи по основ на годишен надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви.

Врз основа на горенаведеното согласно на член 24 став 1 алинеја 5 , член 29 став 3 и член 32 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/15, 11/2018, 21/2018, 98/2019, 153/2019 и 92/2021), а во врска со член 2 параграф 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви („Службен весник на Република Македонија" бр.161/2014) на предлог на Секторот за финансии и сметководство број 0508-2308/1 од 13.12.2023 година,директорот на Агенцијата за електронски комуникации ја донесе оваа одлука како во диспозитивот.

Бр. 0302-2308/2
18 декември 2023 година
Скопје

Директор,
**Jeton Akiku,** с.р.